Комунално јавно претпријатие
„НИСКОГРАДБА“
бр. 01-1284/1
13.12. 2023 год.
БИТОЛА

КЈП НИСК ГРАДБА - Битола

Бр._____
_____2023 год.
Битола

ГОДИШЕН ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА КЈП „НИСКОГРАДБА“ - БИТОЛА ЗА 2024 ГОДИНА

Битола, Декември 2023 год.

Услови за стопанското работење во 2024 година

КЈП „Нискоградба„ - Битола, како претпријатие формирано од локалната самоуправа за потребите на градот со својата основна дејност ги врши следните активности:

- Одржување на атмосферска и фекална канализација;
- Реконструкција и изградба на канализација и улици;
- Чистење на отворени водотеци и чистење на коритото на река Драгор;
- Одржување на градските улици, со потребното крпење во зимски услови (Зимска служба);
- Изработка на прекопи на улици за потребите на ЈКП„Водовод" - Битола и санирање на истите;
- Врши и други работи од доменот на инфраструктурно уредување и дооформување на градски површини, согласно урбанистичките планови и годишните програми на Советот на Општина Битола;
- Изработка на техничка документација - проектирање на објекти од областа на нискоградбата.

Реконструкција и изградба на уличната канализација е финансирана од повеќе програми и во зависност од прибраните средства, Општина Битола врши инвестирање во канализацијата.

Изградбата на канализациона мрежа како и одржувањето на улици и патишта во зимски услови – Зимска служба КЈП „Нискоградба„ - Битола како Јавно претпријатие формирано од Општината ја изведува целосно , без учество на тендер, а во согласност со законот за Јавни набавки (член 24).

За изградба на канализациона мрежа според програмата на Општина Битола за 2024 год., КЈП Нискоградба – Битола по овој основ планира приходи на износ од 28,075,160.00 денари, додека за одржувањето на улиците предвидени се приходи во износ од 8,500,000.00 денари.

Зимската служба како посебен сегмент од нашите активности според оценка на учесниците во програмата за зимско одржување со сите специфичности на градот од аспект на атмосферските услови како и од аспект на згуснат градски урбанизам, добро и успешно се извршува. Предвидените средства за реализирање на програмата за зимско одржување за 2023 - 2024 година, кои ги има Општината изнесуваат 14,502,135.00 денари без пресметан ДДВ.

За чистење на река Драгор предвидени се 1.424.840,00 денари кои според членот 24 од законот за јавни набавки во целост ги реализира КЈП Нискоградба – Битола.

За 2024 година планирани се приходи за изведување на други работи во износ од 7 милиони денари , во овие приходи влегуваат приходи од рушење на постоечки објекти за општина Битола , уредување на урбани површини и слично.

Согласно горе наведените програми од општина Битолаа за 2024 година за одржување на комунални и градежни објекти и уредување на градежно земјиште планирани се вкупно приходи од 59,500,000.00 денари.

За извршени други услуги од дејноста за други правни лица и граѓани планирани се приходи за 2024 год. на износ од 5,500,000.00 денари, или вкупно по основ на извршени услуги за 2024 год. планирани се вкупно 65,000,000.00 денари.

Што се однесува на приходите од надоместок за одржување на канализационата мрежа кај правни и физички лица во 2024 година се планира да се остварат 79,5 милиони денари.

За 2024 година планирани се и приходи од употреба на сопствени средства за реконструкција на канализациона мрежа во износ од 3,000,000.00 денари.

За 2024 година предвидени се и останати приходи од редовното работење , од камати и други приходи во износ од 1,400,000.00 денари.

Планирани приходи и расходи за 2024 година

Во 2024 година ги планираме следните приходи:

1.	Приходи од услуги	65,000,000.00 денари
2.	Приходи од надоместок за канализација	79.500.000,00 денари
3.	Сопствени приходи.....	3,000.000,00 денари
4.	Други приходи	1,400.000,00 денари
	ВКУПНО:	**148,900,000.00 денари**

КЈП "Нискоградба"-Битола, планот за работа за 2024 година го работи врз основа на:

- Остварените резултати до месец октомври 2023 година и предвидувања за остварени приходи заклучно со месец декември 2023 година ;
- Предвидувања за престојните задачи во 2024 година, а врз основа на усвоените програми на Општина Битола и
- Примена на економските принципи во работењето, како економичност, продуктивност и рентабилност;

Табела на планирани приходи за 2024 година, споредени со приходите во 2022 и 2023 година

Реден број	Структура на приходи	Остварени приходи во 2022 год.	Остварени приходи до 31.10.и предвидени до 31.12.2023г	Планирани приходи за 2024 год.
1	**Програма за одржување на комунални и градежни објекти и уредување на градежно земјиште – Општина Битола**			
1.1	Изградба на канализација	23,222,476.00	32,354,628.00	28,075,160.00
1.2	Одржување на улици	10,651,227.00	5,309,033.00	8,500,000.00
1.3	Зимска служба	13,728,566.00	9,728,110.00	14,500,000.00
1.4	Чистење на река Драгор и др. ободни канали	1,424,840.00	1,424,840.00	1,424,840.00
1.5	Изведување на други работи	2,174,754.00	8,006,531.00	7,000,000.00
	Вкупно :	**51,201,863,00**	**56,823,142.00**	**59,500,000.00**
2	**Други работи**			
2.1	Услуги за претпријатија и граѓани	6,660,514.00	5,276,858.00	5,500,000.00
	Вкупно од услуги (1+2)	**57,862,377.00**	**62,100,000.00**	**65,000,000.00**
3	**Одржување на градска канализација**			
3.1	Вкупно правни и физички лица	69,803,777.00	68,500,000.00	79,500,000.00
4	Приходи од употреба на сопствени п-ди - сопствена канализација	2,093,133.00	2,100,000.00	3,000,000.00
5	Приходи од камати	596,988.00	1,101,050.00	800,000.00
6	Останати приходи од работењето	1,234,012.00	360,000.00	500,000.00
7	Други деловни приходи	142,596.00	45,000.00	100,000.00
	Вкупни приходи од редовно работење	**131,732,883.00**	**134,206,050.00**	**148,900,000.00**
8	Приходи од донација	-	450,000.00	
	Вкупно од реден број:1,2,3,4,5,6,7 и 8	**131,732,883.00**	**134,656,050.00**	**148,900,000.00**

Анализирајќи ја табелата на остварени приходи од редовното работење за 2022 година , предвидени приходи за 2023 год. и планираните приходи за 2024 год. се констатира дека планираните приходи за 2024 год. се повиски од остварените во 2022 год. за 17,167,117.00 ден. и поголеми од предвидените приходи за 2023 година за износ од 14,243,950.00 денари.

Табела на планирани расходи за 2024 година, споредени со расходите во 2022 и 2023 година

Видови на расходи	Остварени расходи 2022	Остварени расходи до 31.10.2023 и предвидени до 31.12.2023	Планирани расходи 2024
(1)	(2)	(4)	(5)
Потрошени суровини и материјали	14,732,485.00	15,800,000.00	16,000,000.00
Потрошена енергија	6,283,490.00	4,209,128.00	4,500,000.00
Отпис на ситен инвентар	867,657.00	468,164.00	500,000.00
Пош., телеф. GPJ и интернет. услуги	740,782.00	752,889.00	850,000.00
Услуги за одржување на опремата	3,157,551.00	1,887,612.00	2,000,000.00
Услуги за обезбедување на имотот	633,095.00	716,935.00	750,000.00
Закупнина	120,000.00	172,695.00	150,000.00
Комунални услуги	242,359.00	199,682.00	200,000.00
Производни услуги	7,916,320.00	5,800,000.00	6,000,000.00
Услуги за читање на водомери	1,236,000.00	1,236,000.00	1,236,000.00
Услуги од агенции за вработување	5,671,264.00	5,500,000.00	3,000,000.00
Бруто плати	61,420,084.00	70,108,000.00	78,600,000.00
Бруто плати за нови вработувања	-	-	2,400,000.00
Амортизација	12,327,211.00	12,460,000.00	12,500,000.00
Останати трошоци на вработените регрес, отпремнина и помошти	5,750,692.00	4,500,000.00	5,000,000.00
Дневници за службен пат	203,514.00	451,392.00	500,000.00
Надомести на трош. на вработ.и подар.	1,678,915.00	180,562.00	1,000,000.00
Трошоци за Управен и Надзорен Одбор	840,000.00	1,032,290,00	1,100,000.00
Реклами, репрез.,спонзорства и донации	2,196,834.00	2,650,000.00	2,200,000.00
Премии за осигурување	475,890.00	1,877,431.00	1,800,000.00
Банкарски услуги и платен промет	659,952.00	727,370.00	750,000.00
Даноци кои не зависат од резултат админ., судски и др. давачки	491,993.00	514,362.00	550,000.00
Останати трошоци од работењето	1,689,643.00	2,150,000.00	2,000,000.00
Отпис на побарувања	401,652.00	137,992.00	3,100,000.00
Надомести на штети од дејноста	62,480.00	246,392.00	200,000.00
Дополнително утврдени расходи од минати години	653.694.00	957,668.00	800,000.00
Камати од рабоењето со неповрзани друштва	555.023.00	560,131.00	500,000.00
ВКУПНО :	**131,008,580.00**	**135,296,695.00**	**148,186,000.00**

Од горните две табели на приходи и расходи можи да забележи дека КЈП Нискоградба Битола деловната 2024 година ќе ја заврши со позитивен финансиски резултат.

Во 2023 година извршени се следните градежни работи финансирани од Општина Битола :

1. Зимска служба-2022/2023 год.
2. Санација на решетки
3. Поставување на урбана опрема-парк Довлецик
4. Изградба на фекална канализација во с.Трново
5. Реконструкција на мешовита канализација на улица „Зборска“
6. Реконструкција на мешовита канализација на улици во населаба „Недопирливи“
7. Санација на локални улуци и патишта со гребен асвалт
8. Реконсрукција на мешовита канализација на ул.Драгорска“
9. Санација на ударни дупки со асвалт и коцка
10. Изградба на решетки и сливници
11. Реконструкција на канализациона мрежа на ул. „Солунска“
12. Чистење на река „Драгор“
13. Реконструкција на мешовита канализација во Горно Оризари
14. Рушење на постоечки објекти за Општина Битола – административно присилно извршување

Во 2023 година за реконструкција на застарена канализациона мрежа од средствата на КЈП Нискоградба – Битола се изведени следните работи:

1. Поправка на сливник – ул. „ул.Јадранска“
2. Метален капак за тежок сообраќај на ул. „Широка“ со ул. „7-ми Јули“
3. Реконструкција на фекална канализација на ул. „Мукос“
4. Санација на дефект на ул. „7-ми Јули“
5. Санација на дефект на ул. „Караорман“ бр.111
6. Санација на канализациона мрежа на ул. „Илчо Стојановски“
7. Санација на дефект на канализациона мрежа на ул.„Видан Јанакиевски“
8. Санација на дефект на канализациона мрежа на ул. „1-ва“
9. Санација на дефект на канализациона мрежа на ул.„Трајче Магловски“
10. Изградба на мешовита канализација во с.„Долно Оризари“
11. Санација на дефект на главна кан. мрежа на ул. „Маркс и Енгелс“ бр.14
12. Работни активности на канализација на ул. „Крсте Мисирков“ бр.3
13. Реконструкција на канализациона мрежа на ул. „Драгорска“ од бр.50 до 58
14. Санирање на дефект на кализациона мрежа на ул. „8-ма“ бр.8
15. Санација на канализација на ул. „Бранко Радичевиќ“
16. Санација на канализација на ул. „21-ва“
17. Санација на канализација на ул. „7 ма“

Напомена: Трошоците за одржување на канализациона мрежа како расходи не се книжат на посебна сметка и истите се влезени во збирот на вкупните расходи. Овие трошоци се вкалкулирани во трошоците за бруто плати, материјали, гориво , одржување и во некои други материјални и нематеријални трошоци и истите се пресметани со посебни калкулации.

Планираните вкупни приходи за 2024 година изнесуваат 148,900,000.00 денари.

Планираните расходи за 2024 година изнесуваат 148,186,000.00 денари

Од прегледот на планирани приходи и расходи за 2024 година очекуваме дека во 2024 година КЈП "Нискоградба" - Битола, ќе оствари добивка пред одданочување од околу **714,000.00** денари.

Планирани приходи за 2024 година	**148,900,000.00**
Планирани расходи за 2024 година	**148,186,000.00**
Планирана добивка за 2024 година (пред одданочување)	**714,000.00**

Во 2024 година се планира зголемување на приходите од услуги за 2,9 милиони денари во споредба со 2023 година. Ваквото зголемување се јавува како резултат на зголемените планирани приходи за одржување на улици односно овие приходи се за 3,2 милиони денари поголеми од истите во 2023 год., потоа приходите од Зимска служба се зголемени за 4,7 милиони денари и истите зависат од временските услови , односно од врнежите на снег и ниските теператури. Приходите од изведување на други работи се планирани со сличен инензитет како во 2023 година и тука влегуваат приходи од рушење на постоечки објекти за општина Битола , уредување на урбани површини и слично.

Приходите од надоместок за одржување на канализационата мрежа за 2024 година за правни и физички лица се предвидува да се зголемат за 11 милиони денари и истото е резултат од примена на добиено Решение од Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на КЈП ,,Нискоградба" Битола со П.О. за регулиран период 2024 – 2026 година .

Менаџерскиот тим на КЈП,,Нискоградба,, - Битола, во соработка со Општина Битола како нејзин основач заеднички ќе ги превземаат сите потребни мерки за остварување на Планот за 2024 година.

Во табелата која следи се дадени договори кои се планира да се склучат врз основа на програмата на Општината за 2024 година но дел од овие договори влегуваат и во развојната програма и напоменуваме дека во целост нема да се реализираат во планска 2024 година. Доколку Општината има потреба за други активности од делокругот на работењето на КЈП Нискоградба Битола за истите ќе бидат склучени и други договори согласно измените на програмата на Општина Битола.

Постоечки договори кои треба да се до реализираат и планирани договори со Општина Битола за 2024 год.

Реден број	ОБЈЕКТ	Вкупен износ по договор со ДДВ
1	Чистење на корито на река Драгор и други водотеци	1,500,000.00
2	Изведба на решетки и сливници низ град Битола	2,000,000.00
3	Зимска служба 2023 г.-2024 г.	15,227,242.00
4	Реконструкција на мешовита канализација во Г.Оризари	10,500,000.00
5	Рушење на постоечки објекти за Општина Битола	1,600,000.00
6	Реконструкција на мешовита канализација на улица Солунска	7,700,000.00
7	Градежни работи-тампонирање на улици и патишта	3,000,000.00
8	Градежни работи за партерно уредување – Градски парк Довлецик	2,725,439.00
9	Санација на ударни дупки со пластичен асвалт	2,000,000.00
10	Санација на ударни дупки со асвалт и коцка	6,000,000.00
11	Реконструкција на мешовита канализација на ул.: „11-ти Март„ „Козара“ и „Панде Николов“	6,500,000.00
12	Реконструкција на мешовита канализац, на ул.„Нико Фундали“	2,300,000.00
13	Реконструкција на мешовита канализац, на ул.„Панде Кајзеро“	2,800,000.00
14	Реконструкција на мешовита канализац, на ул.„Христо Ботев“	3,700,000.00
15	Реконструкција и изградба на меш.кан. на улици 170-та ,210-та и 150-та	5,400,000.00
16	Изградба на фекална и атмосверска канализација на ул. „8-ми септември“	22,300,000.00
17	Реконструкција и изградба на меш.кан. на ул.„Н.Тесла„ Леринска и 7-ма Бригада	6,200,000.00
18	Изградба на фекална и атмосверска канализација „СТУ 3“	5,300,000.00

1. Инвестициони вложувања во 2023 година

ОСНОВНИ СРЕДСТВА НАБАВЕНИ ВО 2023 ГОДИНА		
Ред. Бр	**Вид на основно с-во**	**Износ без ДДВ**
1	Софтвер и останата опрема	123,400.00
2	Вложување во административни згради	149,408.00
3	Алат и мерни инструменти	416,624.00
4	Компјутери и компјутерска опрема	163,689.00
5	Транспортни средства	10,350,000.00
6	Приклучни транспортни средства	498,600.00
	ВКУПНО :	**11,701,721.00**

Во 2023 година направени се вкупно инвестициони вложувања од 11,701,721.00 денари, додека.

2.Планирани инвестициони вложувања за 2024 година

	ОСНОВНИ СРЕДСТВА ПЛАНИРАНИ ЗА НАБАВКА ВО 2024 ГОДИНА	**Планирана набавна вредност**
Ред. Бр	**Вид на основно с-во**	
1	Ваљак	5,000,000.00
2	Посипувач за сол и плуг за снег	2,000,000.00
3	Машина за пополнување на дупки со пластичен асвалт	1,800,000.00

Горе наведените основни средства се со приоритет и секако доколку дозволува финансиската состојба на претпријатието ќе се набават и други основни средства кои се потребни за непречено и квалитетно работење на КЈП "Нискоградба" - Битола.

Изготвил:
Златанка Блажевска
Раководител на Сектор за финансии, сметководство и комерција

Контролирал:
Наташа Стојановска
Помошник на директорот за финансии и правни работи

Директор на КЈП „Нискоградба" Битола
Зоран Талевски

КЈП "НИСКО...
Примено: 28. 12. 2023
Орг. Един. | Број
01-1284/2

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 22 став 1 точка 33 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 21.12.2023 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за усвојување Годишниот план и Програма за работа на КЈП„Нискоградба” Битола за 2024 година

1. СЕ УСВОЈУВА Годишниот план и Програма за работа на КЈП„Нискоградба” Битола за 2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-160/20
21.12.2023 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Габриела Илиевска

Комунално јавно претпријатие „НИСКОГРАДБА“ БР. 02-1271/4 13.12.2023 ОД. БИТОЛА

Врз основа на член 17 од Статутот на КЈП Нискоградба Битола и член 20 од Деловникот за работа на Управниот одбор на КЈП Нискоградба Битола, Управниот одбор на претпријатието на седницата одржана на ден 13.12.2023 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

За усвојување на Годишен план и програма за работа

на КЈП Нискоградба Битола за 2024 година

1. Се донесува Одлука со која во целост се усвојува Годишниот план и програма за работа на КЈП Нискоградба Битола за 2024 година, по претходно добиено позитивно мислење од Одборот за контрола на материјално финансиско работење на КЈП Нискоградба Битола.

2. Истиот се доставува на понатамошно разгледување и усвојување до Советот на Општина Битола.

3. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно законските прописи и Програмата за работа на Советот на Општина Битола,Управниот одбор на претпријатието на седницата од итен карактер го разгледа Годишниот план и програма на КЈП Нискоградба Битола за 2024 година и одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

ДА СЕ ДОСТАВИ -архива

-материјали за Управен одбор

-Совет на Општина Битола

-Сектор за финансии сметководство и комерција

Бр.02-1271/4

13.12.2023 година

Битола

Управен одбор

Претседател

Андрej Гинов

А.Гинов

Комунално претпријатие „НИСКОГРАДБА“ с.о. БИТОЛА

„НИСКОГРАДБА“
БР. 02-1270/4
13.12.2023 ГОД.
БИТОЛА

До
Управен Одбор на
КЈП Нискоградба Битола

ПРЕДМЕТ: Мислење од одборот за контрола на материјално финансиско работење за Годишниот план за 2024 година.

Во согласност со член 27 став 3 од ЗЈП член 7,8 од Деловникот за работа на Одборот за Контрола на материјално финансиско работење при КЈП Нискоградба Битола. Одборот за контрола на својата седница одржана на 13.12.2023 година го разгледа **Годишниот план и програма за работа на КЈП Нискоградба Битола за 2024 година и дава позитивно мислење за истиот.**

На состанокот разгледан беше Годишниот План и програма за работа на КЈП Нискоградба Битола за 2024 година каде споредбено се прикажани остварените приходи и расходи за 2022 година и оние што ќе се остварат по завршна сметка за 2023 година, како и планираните приходи и расходи за 2024 година.

Во 2024 година КЈП Нискоградба Битола предвидува дека ќе оствари Добивка пред одданочување од 714.000,00 денари.

1. Остварени приходи во 2024 година	148.900.000,00 денари
2. Остварени расходи во 2024 година	148.186.000,00 денари
Планирана добивка за 2024 година (пред одданочување)	714.000,00 денари

Земајќи ги во превид остварените приходи од 2023 година и склучените и предвидените договори за градежни работи за 2024 година планирано е дека во 2024 година приходите од услуги ќе се зголемат за 5% или поточно за 2,7 милиони денари а додека пак приходите од одржување на канализационата мрежа ќе се зголемат за 16% заради промена на тарифите за новиот регулиран период 2024-2026 година кои треба да се применуваат од 01.01.2024 година.

Според планираните приходи од 148.900.000,00, планирани се и расходите за 2024 година во износ од 148.186.000,00 денари . Кај планираните расходи за 2024 година најголемо отстапување има кај бруто платите поточно се планира истите да се зголемат за 9,9 милиони денари споредено со остварените во 2023 година пред се заради остварениото зголемување од 10% кое се случи во месец септември кое целосно ќе се рефлектира во 2024 година, а земено е во предвид и усогласување на бруто платите за 2024 година.

Јавно претпријатие со п.о. „НИСКОГРАДБА“ БИТОЛА

Според планот за работа за 2024 година се предвидува дека КЈП Нискоградба и во 2024 година ќе продолжи да работи успешно и ќе оствари позитивен финансиски резултат..

Надзорниот Одбор за материјално финансиско работење на КЈП Нискоградба Битола дава **позитивно мислење за Годишниот План и програма за работа за 2024 година** и му предлага на Управниот Одбор истиот да го усвои.

13.12.2024год
Битола

Примил:

Одбор за контрола на материјално финансиско работење

1. Александар Петровски
2. Благој Ристевски
3. Јасмина Ристановска
4. Мартина Мишевски
5. Георгина Ружин